Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22), а согласно одредбите од Статутот на Макстил АД Скопје (арх.бр. 0201-610 од 16.07.2020 година), Собранието на акционерското друштво на седницата одржана на ден 10.07.2023 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

**за одобрување на голема зделка - Проект за инвестиција за Странична ножица за лим со бр. INV_2208**

1. Се одобрува голема зделка - Проект за инвестиција за Странична ножица за лим со бр. INV_2208 со предложен буџет за негово реализирање во вкупен износ од најмногу 9.000.000,00 ЕУР (деветмилиони евра) од кои за набавка на опремата - предмет на инвестицијата е наменет износ од најмногу 6.500.000,00 ЕУР (шест милиони и петстотини илјади евра), а за сите останати дополнителни трошоци кои што се однесуваат на монтажни, сервисни и други работи е наменет износ од најмногу 2.500.000,00 ЕУР (два милиони и петстотини илјади евра).

2. Се овластуваат лицата: (1) Димитар Цветковски, Претседател на Одборот на директори, (2) Марија Дуковска-Павловска, Генерален директор и (3) Петар Јанески, Извршен директор, да ги преземат сите дејствија за реализација на Проектот за инвестиција за Странична ножица за лим со бр. INV_2208, како и да ги потпишат сите договори и целата потребна документација.
Овластувањата за горенаведените лица се издаваат согласно Одлуката на Одборот на директори на Макстил број 0202-1911/01 од 12.10.2022 година.

3. Се утврдува дека наведената зделка како голема зделка, изнесува повеќе од 15 %, од книговодствената вредност на имотот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, па од тие причини согласно Статутот на Макстил АД Скопје е потребно истата да биде одобрена од страна на Собранието на акционери на друштвото.

4. Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа (предлог) Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

5. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на Макстил АД Скопје**
**Претседавач,**

________________